08-1867/7
20-10-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на на 23-та седница одржана на ден 13.10.2025 година донесе

*Одлука*

Постапката по предметот со број 08-1867/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1867/1 од 02.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-1867/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава од познат подносител која се однесува на не поднесување на Изјава за имотна состојба и интереси од ________________ по престанок на функцијата член на Управен одбор ____________________________.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во Службениот весник на РСМ, по што констатира дека _______________ е разрешена од вршење на функцијата член на Управниот одбор _________________________ со Решение бр.14-13345/1 од 31.12.2024 година, донесено од страна на Владата на РСМ и објавено во „Службен весник на РСМ“ бр.10/25.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во врска со тоа, Државната комисија изврши увид во Администартивната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека ______________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на Управниот одбор _____________________ не поднела Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно горе наведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ________________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр.08-1867/4 од 04.09.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1867/5 од 04.09.2025 година. Државната комисија за спречување на корупцијата направи обид за доставување на прекршочниот платен налог, при што сторителот е уредно известен видно од повратницата на која стои потпис и датум 15.09.2025 година.Истата на ден 22.09.2025 година извршила уплата на половина од законски предвидената глоба во рок, видно од доставената уплатница како доказ за иршена уплата.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупција одлучи како во диспозитивот.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје
Republika e Maqedonisë KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

**Изготвил:** К.Б соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
**Одобрил:** м-р С.Д.член на ДКСК